949.717.09+329.15(497.17)(063)(049.3)

## ОХРИДСКО-СТРУШКО ВО НОВ 1941—1945, КНИГА ПРВА, ВТОРА, ТРЕТА И ЧЕТВРТА, СТРУГА, 1990.

Во издание на Општинските одбори на СЗБНОВ на Струга и Охрид, во 1990 година од печат излезе во четири книги Зборникот на реферати од Научниот собир „Охридско-Струшко во НОВ 1941—1945 година", одржан на 2 3, 4 и 5 април 1986 година во Струга. Во Зборникот, односно во четирите книги презентирани се преку сто реферати, соопштенија, сеќавања и други прилози од научни работници, потоа учесници во народноослободителната борба од охридска и струшка околија како и од учесници од другите подрачја кои за време на војната престојувале и работеле на овој терен. Тематски материјалите се групирани според обработуваната проблематика во четири тематски подрачја, односно во четири книги.

Во Првата книга (383 стр.) се поместени вкупно 24 реферати во кои се обработува активноста на Комунистичката партија на Југославија и другите прогресивни сили во периодот помеѓу двете светски војни со посебен акцент за охридско-струшкиот терен, при што напоредно со тоа проследени се и напорите на владеачката буржоазија за асимилирање на македонскиот народ, теророт, експлоатацијата и др. како и реферати што се однесуваат на активноста на КПЈ и КПМ, за периодот 1941—1945 година односно за времето непосредно по капитулацијата на Југославија (април 1941) до 15 мај 1945 година.

Во втората книга (362 стр.) влегуваат 23 реферати што го обработуваат проблемот за активноста на партизанските одреди и воени единици, во борбите со италијанските и германските окупаторски војски, потоа албанската цивилна власт, како и борбите со балистичките формации.

Третата книга (346 стр.) опфаќа 30 реферати во кои се обработува тематиката за масовните политички организации, Народниот фронт, Антифашистичкиот фронт на жените, Народната младина и Народната власт.

Во Четвртата и последна книга (270 стр.) во која се поместени вкупно 25 реферати, се обработува окупацијата, окупаторскиот систем и теророт на оваа територија за време на окупацијата, како и позначајни ликови од Охридското и Струшко загинати во Народноослободителната војна.

Со Четвртата книга се заокружува една целина од историски аспект која што во многу придонесе да се расветлат моменти од поблиското минато на овој крај за кои што во нашата историографија е недоволно пишувано. Посебно е важно што сите реферати, прилози, сеќавања итн. се подредени тематски и хронолошки односно во тој склоп е извршена базичната поделба на четири книги. Но сепак, покрај сите позитивни особини на овој Зборник, евидентни се некои пропусти од технички карактер. Имено, она што највеќе паѓа во очи и што е голем пропуст на сите четири книги од Зборникот е немањето на именски регистер и регистер на географски имиња и поими, кои што регистри се особено важни за научните работници

заради побрзото и поефикасното користење на овие книги. Потоа во одделни реферати (на пр. во рефератот на Боро Митровски, поместен во Втората книга) се испуштени фусноти (вкупно 41), а и во содржинскиот дел реферати не се подредени хронолошки. Исто така, во содржината на Втората книга насловите на некои реферати се дадени скратено што не е практика во научната јавност. Секако кон ова треба да додадеме дека е одстапено од прифатениот принцип на печатење на статии, каде што во еден случај, наместо на крајот, една дискусија (на Благој Којдановски во Втората книга) е вметната меѓу рефератите што уреднички многу ја намалува вредноста на оваа книга. Поголемиот број од рефератите се пишувани без научна апаратура т.е. без фусноти, што наведува на помислата дека се тоа претежно пишувани статии врз база на лични сеќавања, што сепак ја намалува нивната вредност како научен прилог.

Врз основа на сето погоре изнесено цениме дека сепак излегувањето на Зборникот во четири книги претставува солиден прилог во нашата македонска историографија, кој што ќе биде појдовна основа за натамошни уште попродлабочени истражувања за периодот помеѓу двете светски војни и посебно за народноослободителната војна не само во Охридско - струшкиот крај туку и во цела Македонија.

Ѓорѓи МАЛКОВСКИ